[redacted]

ДО
ОПШТИНА БИТОЛА

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 31-10-2023
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |
1354

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 01-11-2023
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 11- | 1261/1 | | |

БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани,

Општина Битола е основач на ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и организирање јавен локален превоз во Битола.

Согласно тоа на територија на Општина Битола постојат паркиралишта од отворен тип и од затворен тип.

Информацијата која ја барам конкретно се однесува на паркиралиштата со кој стопанисува ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и организирање јавен локален превоз, а се од ЗАТВОРЕН ТИП.

Мојот Властодавец, Друштво за производство, трговија на големо и мало услуги Ратка Славе Догиришки ШАРЛИТОН Битола ДООЕЛ всушност е продавницата БОХЕМИЈА која локациски се наоѓа во поранешниот хотел Солун во Битола.

ДОКАЗ:
-Договор за закуп;

За свои потреби мојот Властодавец поседува патничко моторно возило со регистарски број ВТ 5306 AF запишано во сообраќајна дозвола МК 3365584.

ДОКАЗ:
-Сообраќајна дозвола;

Ова возило мојот Властодавец како и претходно така и сега го паркира во паркинг просторот на АД Пошта на Северна Македонија подружница Битола, а не на паркингот од затворен тип со кој стопанисува ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и организирање јавен локален превоз Битола.

ДОКАЗ:
-Скица од паркинг просторот со кој стопанисува ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и организирање јавен локален превоз (обележан со зелена боја) и дворот каде на АД Пошти на Северна Македнија во Битола каде своето возило го паркира Властодавецот (обележан со портокалова боја)

Сакам да укажам и да ставам дознаење дека мојот властодавец воопшто не го користи паркингот од затворен тип за паркирање, туку паркингот го користи како транзит само за да стигни до својот паркинг простор, а за тоа ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и организирање јавен локален превоз му наплаќа надоместок за користење на паркинг простор.

Како што Ви е добро познато на влезот и излезот на затворените паркинг простори се поставени рампи кој издаваат картички, на кој картички пак се евидентира времето на влез во паркинг просторот се со цел да се знае колку возилото се задржало на паркинг просторот, како би можело да му се наплати лицето кое го паркирало возилото на паркинг местото.

Во конкретниот случај кај мојот Властодавец постои проблем во тоа што возилото ВТ 5306 AF запишано во сообраќајна дозвола МК 3365584 за да стигне до дворот на АД Пошти на Северна Македонија во Битола каде го паркира своето возило мора да влезе во паркингот со кој стопанисува ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и организирање јавен локален превоз Битола, му се издава картичка која го евидентира времето за влез, а во моментот кога ќе се јави потреба да излезе со оваа возило, ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и организирање јавен локален превоз Битола бара надоместок за користење на паркинг просторот во висност од времето кое се задржало согласно она што е евидентирано на картичката за влез, иако возилото е паркирано приватен

дел со кој НЕ стопанисува ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и организирање јавен локален превоз Битола односно истото е паркирано на приватен паркинг.

Со оглед на погоре наведеното бараме во рок од 15 – петнаесет дена од приемот на ова барање писмено да не известите како е регулирана погоре наведената ситуација.

Со почит,

ПРИЛОГ:
-Полномошно;

Битола,
31.10.2023

[redacted]

# ДОГОВОР
## За закуп на недвижен имот – деловен простор

Склучен во Битола, на ден 30.06.2019 година помеѓу следните договорени страни:

1. Сопствениците на дел од објект на [redacted]еловен простор бр. 3 , Битола КО Битола 3 К.[redacted].

   - [redacted] од Скопје, со стан на [redacted]. број [redacted]
   - [redacted] од Скопје, со стан на [redacted]
   - [redacted]

   во понатамошниот текст ***ЗАКУПОДАВАЧИ*** и

2. Друштво за производство, Трговија на големо и мало и услуги ‘[redacted] правителот [redacted] од Битола, [redacted]о понатамошниот текст ***ЗАКУПЕЦ***

**Договорените страни се договорија за следнотво и на следниов начин:**

**Член 1**

Предмет на овој договор е издавање под закуп на недвижен имот – деловен простор лоциран во Битола, н[redacted] површина од 159.95 м2 и визба со површина од 43.36 м2 на кој простор закуподавачите имаат право на сопственост видно од од Имотен лист [redacted].О.Битола 3.

**Член 2**

Договорените страни договорот за закуп го склучуваат за период од **5 години** почнувајќи од **01.07.2018** година заклучно со **31.06.2023** година. Доколку двете договорени страни имаат заеднички интерес договорот можат да го продожат со Анекс на овој Договор или со нов Договор.

**Член 3**

Висината на месечната закупнина ќе изнесува **1050 (илјада и педесет) Евра**, во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на денот на исплатата.

Даночната обврска односно персоналниот данок за закупнината ќе ги плаќа закупецот, по стапка согласно законските прописи во Република Македонија.

Закупецот се обврзува нето закупнината да ја исплаќа на трансакциони сметки и тоа како следи:

сметка број [redacted] депонент на Шпаркасе Банка на име на закуподавачот [redacted] **375 ( тристотини седумдесет и пет евра) Евра** во денрска противвредност по курс на НБ на РМ кој важи на денот на плаќањето , плус персоналниот данок

сметка бро[redacted]онент на **Халк Банка** на име на закуподавачот [redacted]а, **300 ( тристотини) Евра** во денрска противвредност по курс на НБ на РМ кој важи на денот на плаќањето , плус персоналниот данок

сметка бро[redacted]онент на **Стопанска Банка** на име на закуподавачот [redacted]а, **375 ( тристотини седумдесет и пет ) Евра** во денрска противвредност по курс на НБ на РМ кој важи на денот на плаќањето , плус персоналниот данок

Закупнината ќе се плаќа во период од 5 (петти) до 15 (петнаесетти) во месецот за тековниот месец.
За времетраењето на овој договор закупнината ќе остане непроменета.

**Член 4**

Трошоците за тековно одржување на деловниот простор предмет на овој договор, (електрична енергија, вода, парно, телефон и други комунални давачки) во име на киријата ќе ги плаќа закупецот, на кои ќе биде пресметан персонален данок согласно законските прописи на Република Македонија и истите ќе му ги дава на увид на закуподавачот на секој први во месецот.

**Член 5**

Закупецот е должен да ги подмири сите претходно настанати трошоци за тековното одржување на деловниот простор, до денот на склучување на овој договор бидејќи истиот бил користен за прилагодување на потребите за вршење на дејноста на фирмата.

**Член 6**

Закуподавачот е должен да го предаде просторот во исправна состојба.
Закуподавачот му гарантира на закупецот непречено користење на даловниот простор што му го дава под закуп.

Доколку во текот на важење на овој договор Закупецот е попречен правно од страна на Закуподавачот да го користи просторот и да ја обавува својата дејност, тогаш Закуподавачот е должен да ги надомести сите штети кои ќе настанат по основ на обезбедување на деловна просторија на закупоцот поради попречувањето.

Закупецот е должен со внимание на добар домаќин и добар стопанственик да го употребува само за неговите предвидени деловни активности и по престанувањето на овој договор да го врати во уредна состојба амортизиран само со тековна употреба.

**Член 7**

Договорените страни се согласни дека за секое преуредување или адаптација на деловните простории од член 1 од овој договор е потребна предходна согласност на закуподавачот.

Договорените страни се согласни дека закупецот неможе да ги дава деловните простории од член 1 на овој договор во подзакуп или на користење на друго лице без претходно согласност на закуподавачот.

**Член 8**

Овој договор може да биде раскинат со взаемна согласност на договорените страни.

Секоја од договорените страни може еднострано да го раскине договорот со отказен рок од 30 (триесет) дена.

**Член 9**

Договорените страни изјавуваат дека овој договор го склучуваат при чиста совест, здрав разум, непрнудувани од никого, па истиот го признаваат и своерачно го потпишуваат.

**Член 10**

Сите спорови што ќе настанат по овој договор ќе се решаваат спогодбено меѓу договорените страни, а во случај на спор надлежен е Основниот Суд во Скопје.

**Член 11**

Овој договор е составен во 3 (три) примероци, по еден за секоја договорена страна и еден за службена употреба.

Закуподавачи:

1. [redacted]

2. [redacted]

3. [redacted]

Закупец:

[redacted]

управител

[redacted]

[illegible]

MK 3365584

| (I) Важи до / Vlefshmëria / Valid until | (I) Важи до / Vlefshmëria / Valid until |
| --- | --- |
| 07.06.2023 | |
| (печат / vula / seal) | (печат / vula / seal) |
| (потпис на сл. лице / nënshkrimi i personit zyrtar / signature of the official) | (потпис на сл. лице / nënshkrimi i personit zyrtar / signature of the official) |
| (I) Важи до / Vlefshmëria / Valid until | (I) Важи до / Vlefshmëria / Valid until |
| (печат / vula / seal) | (печат / vula / seal) |
| (потпис на сл. лице / nënshkrimi i personit zyrtar / signature of the official) | (потпис на сл. лице / nënshkrimi i personit zyrtar / signature of the official) |
| (I) Важи до / Vlefshmëria / Valid until | (I) Важи до / Vlefshmëria / Valid until |
| (печат / vula / seal) | (печат / vula / seal) |
| (потпис на сл. лице / nënshkrimi i personit zyrtar / signature of the official) | (потпис на сл. лице / nënshkrimi i personit zyrtar / signature of the official) |

ЗАБЕЛЕШКА / VËREJTJE / REMARK:

BT-180-BM

MK 3365584

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

MK

СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА
LEJE QARKULLIMI
TRAFFIC LICENCE
[redacted]

BT 5305 AF

(I) [redacted]

(1A)

(B)

(C.1.1)

(C.1.2)

(C.1.3)

(печат / vula / seal)

(потпис на службено лице / nënshkrimi i personit zyrtar / signature of the official)

MK 3365584


паркинг со кој стопанисува ЈППЈП
паркинг на А1 пошта на срц
8968/3
8968/2
8969
8970
8972/1
8975
8977
19332
9054
9061
9062
9060
9091
9102
9104
11484
11485
11486
11498
19383
9024
9045
9046
9048
9052
9053
9045
9030

[redacted]

# ПОЛНОМОШНО

Го овластувам, **адвокат** [redacted] биде мој полномошник, бранител, во предметот ________ кој се води пред Основен суд ________ како и пред сите повисоки судови во РСМ, како и да ги превзема сите правни дејствија заради заштита на моите правни интереси, дадени во ЗПП, ЗКП, ЗВП, ЗИ, ЗУС, ЗОО и други постапки.

Го овластувам, да ги превзема сите правни дејствија, да поднесува редовни и вонредни правни лекови, и други поднесоци во интерес на заштита на моите правни интерси и тоа пред сите судови, управни и други надлежни органи по сите правни работи за кои ќе се јави потреба во смисла на чл. 3 од Законот за адвокатура, се до правосилно и конечно завршување на постапката, како и со важност до конечно завршување на постапката.

Властодавецот се обврзува адвокатската надграда и трошоци за застапување два дена пред превземеното дејствие да ги уплаќа на сметка на полномошникот.

Во спротивно полномошникот не е должен да превзема било какво дејствие во име и за сметка на властодавецот.

Полномошникот е овластен во врска со предметната правна работа да прима и плаќа парични средства.

После правосилноста на одлуката го овластувам, врз основа на ова полномошно да може да поднесува барања за присилно извршување пред надлежен извршител и да може да ги наплатува побарувањето на досудените судски трошоци на својата сметка.

Го овластувам, ова полномошно да може да го пренесе на друг адвокат, адвокатски стручен соработник, или адвокатски приправник вработен во неговата адвокатска канцеларија.

Го овластувам, како полномошник/бранител да може да поднесе барање за судење во неразумен рок пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Исто така изјавувам дека се согласувам полномошникот да ги користи моите лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

[redacted]



[redacted]

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА Битола

| Примено: | 06.11.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
ЈППЛП
Солунска 83а
Битола

Бр.11-126/2
06.11.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви го доставуваме за понатамошно постапување барањето бр.126/1 од 31.10.2023 година, за пристап до информации од јавен карактер доставено од [redacted]

Ве молиме да одговорите на истото во директна комуникација со барателот.

Во прилог:

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] бр. 11-126/1 од 01.11.2023 год.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До

[redacted]

Бр. 11-126/3
09.11.2023

**Предмет: Доставување за Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Битола, препратено е до **Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола.**

Во прилог:

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер од Друштво за призводство, трговија на големо и мало, услуги [redacted] бр. 11-126/1 од 01.11.2023 год.
2. Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 11-126/2 од 06.11.2023 год.

Секоја понатамошна комуникација ќе се одвива меѓу Вас и ЈП Паркинзи.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

_______________________

Евгенија Чукалева

_______________________

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk